**20192443804**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 21 ноември 2019 година.

Бр. 08-6208/1
21 ноември 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Член 1

Во Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 152/19), по членот 67, се додаваат нов наслов и нов член 67-а, кои гласат:

„Поддршка за потикнување на земјоделско производство

Член 67-а

(1) Поддршка за поттикнување на земјоделско производство се доделува за зголемување на одржливоста на земјоделската дејност на семејните земјоделски стопанства.

(2) Услови за остварување на поддршката од ставот (1) на овој член се:

- семејното земјоделско стопанство да биде запишано во ЕРЗС од членот 15 на овој закон,
- на денот на поднесување на барањето за помошта од ставот (1) на овој член носителот на семејното земјоделско стопанство да нема повеќе од 40 години и
- семејното земјоделско стопанство да не користело помош од членот 67 од овој Закон.

(3) Поддршката од ставот (1) на овој член се реализира преку одобрен деловен план од страна на Агенцијата кој треба да предвидува инвестициони активности за модернизација на земјоделското стопанство за период од најмногу три години од денот на одобрувањето на поддршката.

(4) Деловниот план од ставот (3) на овој член задолжително ги содржи следниве елементи:

- пазарни аспекти на инвестицијата,
- опис на планираната инвестиција (планирана инвестиција, потребна механизација, планирање на потребна работна сила итн.),
- временски распоред,
- финансиска анализа со вклучени критериуми за успешност на инвестицијата (нето сегашна вредност, модификувана интерна стапка на рентабилност и период на враќање на инвестицијата).

(5) Поддршката од ставот (1) на овој член се доделува во висина до 1.200.000 денари за период на реализација на деловниот план и се исплаќа на годишно ниво во најмногу три рати.

(6) Поддршката од ставот (1) на овој член е условена со задолжително исполнување на предвидените активности од деловниот план од ставот (4) на овој член.“.

Член 2

Во член 71 став (1) алинеја 2 сврзникот „и“ се заменува со запирка.

Алинејата 3 се менува и гласи:

„- конверзија на деградирани шуми и шикари и опожарени шуми,“

По алинејата 3 се додаваат две нови алинеи 4 и 5 кои гласат:

„- воспоставување на едукативни патеки, видиковци и друга мала инфраструктура (рекреациски патеки, платоа, информативни знаци, информативни плочи) и

- маркетинг на дрвни и недрвни шумски производи.“

Ставот (2) се брише.

Став (3) кој станува став (2) се менува и гласи:

„(2) Корисници на поддршката од став (1) алинеја 1, 3, 4 и 5 на овој член се јавно претпријатие за стопанисување со државни шуми, сопственици на приватни шуми и/или здруженија на сопственици на приватни шуми.“.

Ставовите (4), (5), (6) и (7) стануваат став (3), (4), (5) и (6).

Член 3

Членот 94-а се менува и гласи:

„(1) Помош за инвестиции во преработка и маркетинг е финансиска поддршка наменета за микро, мали и средни претпријатија, како и земјоделски задруги, кои имаат склучено договор за користење на инструментот за претпристапна помош за рурален развој за најмалку 30% од вкупните трошоци предвидени за инвестиции во постбербени и преработувачки капацитети.

(2) Висината на помошта од ставот (1) на овој член, изнесува до 100% од висината на прифатливите инвестициски трошоци во вид на целосно или делумно предфинансирање на делот кој се однесува на сопственото учество во вкупните трошоци на инвестицијата.

(3) Предфинансирање на инвестицијата е исплата на износот на помошта за реализација на инвестицијата на корисникот пред започнување на инвестицијата.

(4) Помошта се реализира со поднесено барање на распишан јавен повик од страна на Агенцијата.

(5) Помошта се доделува на корисници чија инвестиција опфаќа реконструкција на објекти, набавување на опрема и воспоставување на капацитети за постбербени активности и/или преработка врз основа на критериуми кои се наведени во јавниот повик од ставот (4) на овој член.

(6) Помошта за инвестиции во преработка и маркетинг се доделува со склучен договор помеѓу корисникот на помошта и Агенцијата.

(7) Корисникот на помошта е должен пред склучување на договорот до Агенцијата да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во вредност на одобреното предфинансирање согласно со фазите за реализацијата на инвестицијата како гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот од ставот (6) на овој член. Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот мора да биде безусловна, неотповиклива и наплатлива на првиот повик. Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде со важност за целиот период на траење на договорот.

(8) Износот на исплатеното предфинансирање на сопственото учество во вкупните трошоци на инвестицијата, корисникот е должен по завршување на инвестицијата да го врати на најмногу осум годишни рати, и истото ќе биде утврдено со договорот за користење на оваа финансиска помош.

(9) Во случај на неисполнување на обврските од Договорот од ставот (6) на овој член, Агенцијата го известува корисникот на помошта истата да ја врати во рок од 30 дена од денот на пристигнување на известувањето.

(10) Доколку корисникот на помошта не ја врати помошта во рокот од став (9) на овој член Агенцијата ќе изврши наплата на доставената банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

(11) Корисникот на помошта од став (1) на овој член не смее да ја оттуѓи, заложи, издава под закуп или на било кој друг начин да ја оптоварува инвестицијата во рок од 8 години од завршување на инвестицијата, освен за потребите од ставот (7) на овој член.

(12) Секој договор или друго правно дело со кое се врши располагање на инвестицијата и/или друг правен акт кој е спротивен на ставот (11) од овој член е ништовен.“.

Член 4

Во член 99-в став (1) по првата реченица се додава нова реченица која гласи:

„Корисник на дополнителна помош од овој став е и физичко лице кое не било корисник на мерка од годишната програмата за финансиска подршка во земјоделството за тој производ во годините за кои се однесува помошта доколку количината на земјоделскиот производ откупен од тоа физичко лице а не исплатен од страна на регистриран откупувач не изнесува повеќе од 30.000 килограми вкупно за периодот за кој се однесува одлуката.“.

Член 5

(1) Државниот инспекторат за земјоделство во рок од 45 дена од денот на влегување во сила на овој закон во согласност со Одлуката за утврдување на дополнителна помош како мерка за исплата на продадено винско грозје („Службен весник на Република Македонија“ број 32/19) и Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на дополнителна помош како мерка за исплата на продадено винско грозје („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 152/19) ќе ги достави до Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој податоците за остварување на правото на дополнителна помош согласно со член 4 од овој закон со кој се дополнува член 99-в.

(2) Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој во рок од 90 дена од денот на приемот на податоците од Државниот инспекторат за земјоделство ќе изврши исплата на дополнителната помош на физичките лица кои ги исполнуваат условите за остварување на помошта согласно со Одлуката за утврдување на дополнителна помош како мерка за исплата на продадено винско грозје („Службен весник на Република Македонија“ број 32/19) и Одлуката за дооплнување на Одлуката за утврдување на дополнителна помош како мерка за исплата на продадено винско грозје („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 152/19) и согласно со член 4 од овој закон со кој се дополнува член 99-в.

(3) Програмата за финансиска подршка во земјоделството за 2019 година во рок 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се усогласи со член 4 од овој закон со кој се дополнува член 99-в.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.